MQS

Бр./Nr 12-911/1

25 -02- 2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава) на 31.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 46-тата седница одржана на 19.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) на 31.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5847/1 од 31.12.2019 година, а во која се укажува на состојба поврзана со процесот на приватизација на општествениот капитал и процесите поврзани со основање на пирамидални штедилници во нашата земја, од чие работење произлегоа големи судски процеси во кои беа вклучени надлежни државни институции, кои се одвива во деведесетите години на минатиот век, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12- 5847/1 од 06.09.2019 година нема елементи за нејзино натамошно постапување поради тоа што пријавата не содржи конкретни податоци за состојбите кои се опишуваат.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12- 5847/1 од 31.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се опишуваат состојби кои се случија во нашата земја по распаѓањето на поранешната Југославија, пропаѓањето на штедните влогови на граѓаните како и тоа дека одреден број на лица успеале да остварат профит (добивка) во процесот на приватизација на општествениот капитал кој се случуваше во деведесетите години на минатиот век. Во пријавата се опишуваат состојби во кои одредени лица (се наведуваат само името на Бранко Црвенковски и негови партиски соработници) кои беа вклучени во изведување на сите тир процеси кои како што се наведува во пријавата, во тоа време успеале со парите на граѓаните да го приватизираат општествениот капитал односно да ги откупат фабриките за многу малку пари и да станат сопственици на голем капитал. Во тие процеси покрај одредени лица, биле вклучени и адвокати кои

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

им давале стручна помош накој начин полесно да дојдат до поголем капитал. Во пријавата се опишани состојби кои беа карактеристични за еден подолг период од околу десетина години.

Со оглед на фактот дека пријавата не содржи податоци за сомневање за конкретни лица, ДКСК не беше во можност да пристапи кон испитување на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**